# Ново срце

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година V. бр. 158. Дата: 07. 01. 2013.**

## ХРИСТОС СЕ РОДИ!



Во популарниот цртан филм „Charlie Brown and Snoopy Show" (Чарли Браун и Снупи Шоу), Луси го посетува Чарли и му го честита Божиќ, со зборовите: „Божиќ е ден кога ангелите објавија мир на земјата и добра волја меѓу луѓето, затоа предлагам да заборавиме на сите несогласувања и да си покажеме љубов помеѓу себе".

Чарли е радосен поради оваа изјава на Луси и коментира: „Луси, ова е навистина прекрасно; но, зошто да се однесуваме вака само за Божиќ? Зар не може тоа да трае преку целата година?"
А Луси одговара: „Што ти е на тебе, ти да не си некој фанатик?"

Божиќ е денот кога се роди Исус, Спасителот на светот. Во Библијата стои запишано дека по тој повод, им се јавија ангели на пастирите, кои порачаа: *„мир на земјата и добра волја меѓу луѓето"*. Но, веројатно повеќето, како и во цртаниот филм, сметаат дека тоа е само празнична фраза која се користи и важи само за Божиќ. Ако веруваш дека треба така да се однесуваш преку целата година, ќе те сметаат за фанатик.

Па сепак, макар и некому да изгледа фанатички, токму тоа го прави Исус во срцата на оние кои ќе поверуваат во Него, кои ќе Го примат во своите животи. Тој им го дава Неговиот мир и прошка на гревовите. Тие стануваат луѓе со добра волја и добро расположение, спремни да се менуваат, да простуваат, да бидат благослов за другите.

Вистинската смисла на Божиќ не е палењето огнови, ни бадниковото гранче, ни богатата софра и скриената паричка, туку спремноста да препознаеш дека тоа мало бебе-Исус, кое се родило во една штала, е Спасителот на твојата душа; И откако ќе го разбереш тоа, да Му дозволиш Тој да се всели во твоето срце и да биде Господар на твојот живот.



Во едно мало гратче, живеело едно момче по име Вилијам. Иако имало ментална попреченост, редовно одело на црква и многу го сакало Исус.

За еден Божиќ, кога тој имал 12 години, во црквата му понудиле да се вклучи во Божиќната драма. Тој ја имал улогата на гостилничарот, на чија врата затропале Јосиф и Марија, за да добијат преноќиште. Според Библијата, Марија веќе била бремена со Исус, но гостилничарот не им дал преноќиште, па морале да преноќеваат во штала.

И токму така требало да постапи и Вилијам. Кога момчето и девојката (во улога на Јосиф и Марија) застанале пред него и побарале соба за преноќиште, тој ги одбил, со образложение дека нема место. Тие го замолиле и по втор пат и сите очекувале тој повторно да ги одбие.

Но, тогаш настапила тишина. Тој молчел извесно време а потоа рекол: „Знаете што, ќе ви ја дадам мојата соба; таму нека се смести Исус, а јас ќе одам во шталата."

Иако, ова го нема во Библијата, ниту во сценариото, сепак е трогателен пример и зборува за тоа како ние треба да постапиме со Исус; Исто како и Вилијам, направи и ти место за Исус во твоето срце; Тој нека го има почесното место во твојот живот, а ти понизно служи Му.

**ХРИСТОС СЕ РОДИ, НАВИСТИНА СЕ РОДИ !**

**Адреса: „Ново Срце", П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**